

Јовица Ивановски

# три напред три назад

***Јовица Ивановски***

# *Три напред*
# *три назад*

| | |
|---|---|
| *Корица* | *Роберт Пашоски и Андреј Марјановиќ* |
| *Цртежи на корица* | *Роберт Пашоски* |

Да се поместиш од кртичникот
кога џуџињата ќе посакаат да бидат големи.
Да седиш со себе на својата маса, неделлив
и да можеш да подариш дури и победа –

химна за таквиот човек.

*Gottfried Benn*

***Македонска испотена свадба***

*На Пепи Терзиоски*

Младите потечени од бакнежи и црвени од кармини
стојат над почесните столови и примаат подароци.
Лицата одвај им се гледаат од купиштата цвеќиња.
Ненаметливо ја проценуваат дебелината на пликоата
и радосно си наздравуваат.
Родителите се среќни но сè уште не се сигурни.
Кумот не би ѝ простил на старосватицата
а за некој саат ни на невестата.
Орациите нестрпливо чекаат валецерот на младенците
да ја отвори сезоната.
(Се обложувам дека онаа прекрасна воздржана госпоѓа
за два часа ќе меша на маса.)
Костумите на господата (нафталински или позајмени)
се прекрасни кога се на закачалка или на столче.
Црвени образи, олабавени вратоврски и полетни крагни.
(Пијаниците може да се поделат на статични и нестатични
но несомнено и едните и другите се врвни пеачи.)
На децата им е позабавно отколку во луна-парк.
Меѓу два оброка, гибаница од луѓе (тесто + пот)
фатени за раце (папочен синџир на бесконечноста)
во масовен оргазам тоне кон вртлогот на вселената.
Музичарите имаат високи чела, пеачката отворен гард
а мајсторот на фотографија одвај чека да ѝ се врати на
мртвата природа,
толку извесно бесмртна во црно-белата Leica M6.
„Келнери, вие сте богови!“ – вреска алкохолот.
„Алкоси, вие сте гадови!“ – си велат келнерите
и крадат по некоја минута за парче тутун во кујната.
Од тортата многукатна можеби некој очекуваше да искока
бившото момче на младата и со машинска пушка
да ја хепиендира трагедијата на радоста.
Ништо од сето тоа.
Само заминувања – поздравни или беспоздравни.
Остатоци од блудот на епикурејската публика
и првата долго очекувана брачна ноќ,
со длабок сон по напорното броење пари,
и отворањето пакети
со нокти и со заби.

*06/2000.*

***Набилдана Месечина...***

Набилдана Месечина
над градот што се
брани од темницата.
Стоиме пред семафор и чекаме
и поаѓаме во очекуваната неизвесност
како револвераши и како страшливци.
Од кината излегува маса подложна на
гмечење и на масовна хипноза.
Ритмите од кафетериите се мешаат
како мириси на медитерански пазар.
Живееме пребрзо но затоа пак побавно умираме.
Боите омекнуваат. Брадавица зад проѕирност.
Гравитацијата си поигрува со тениските топчиња
и со цицињата на забрзаните тинејџерки.
Околу нас набилдани флуоресцентни тренерки,
електронска музика, пилули и двоседи.
Деца, вие пукате од здравје и енергија
и доколку мирувате две-три минути ви се пали
screen saver-от на кој нема никаква порака!
Вие сакате уште малку Triple sec во Маргаритата,
вие плаќате 70 DM за грам задоволштина...
Околу нас луѓето достоинствено ги тротоаризираат
своите болести: асфалтна болест,
алергија на чисто, провинциски синдром...
Сачмосуваме труби и ѝ се потсмеваме
на земјината тежа.
Фаровите на возилата се одбиваат од нашите глави
како од диско-лустери со мозаични огледалца.
Ние сме другари и љубовници,
деца на случајноста, антиципирани судбини,
смртни пријатели...
Градот гори во летната саботна еуфорија.
Одамна ја немам видено неговата ноќна панорамска
разгледница од замаглен автомобил паркиран
на *Паркингот на презервативите* на Водно.

Не знам дали Селин некогаш видел запален град
но сигурен сум дека и градовите убаво горат?

*03/2000.*

***Летна вечер***

Луѓето ги прават истите работи
само зад отворени прозорци
и во широко распосланите дворови.
Летото е божица на љубовта
(со мегафон на уста).
Караниците се погласни,
игрите се прегласни –
подобро и јас да врескам
отколку да им сочувствувам со среќата.
Цревото ја дави метлата,
месото чека ќеса ќумур од блиската бензиска пумпа,
мразот се топи во сѐ што е потопло од него.
Телефоните ѕвонат погласно,
кучињата се надлајуваат прегласно.
Децата се како толпа што вреска пред затворот
и незаприливо поаѓа да го ликвидира мене-затвореникот.
Ќерка ми ме прашува а јас ѝ одговарам:
„Тато кој купи месечината?“ – „Небото, злато.“
„А кој купи небото?“ – „Мртвите поети, злато.“
„А онаа бела пена горе тато?“ – „Облаци, злато.“
„А кој купи облаците?“ – „Мајаковски, злато.“
Ѕвездите се појавуваат за да не заврне утре.
Телевизорите се надвикуваат како соседи пушачи
залактени на прозорците.
(Автомобилите како да ми ги паркираат во спална.)
Истите гласови, истите имиња вметнати меѓу две пцости.
Мора да се отиде од овде, мора да се отпатува –
барем додека не ме изневерат ушите.
Зима за вас, зима засекогаш.

*1999.*

***По сексот***

Слегуваме по кратерот
и си ги бараме гаќите.
Јазиците се сè уште испреплетени
за да не кажат некоја глупост.
Го бришеме мечот или го вадиме штитот.
Четири усни пушат една цигара.
Четири нозе (една меѓу друга под чаршав)
                    како есцајг во салфетка.
Туширање (ај, кога веќе сме голи).
Блажен сон или кратка пауза.
Нешто слично како по напишана песна.
Многу подобро отколку после дркање.
Во секој случај една пријатна еустазија.
Победнички одмор на врвот на планината.
Александар и Букефал по освојувањето на Персија.
Georg Friedrch Händel пред да западне во длабок сон
по тринеделната борба со неговата Месија.
Меѓупростор што ја потврдува љубовта.
Нешто единствено и ретко.
Нешто што можеме веднаш
                    да го повториме,
доколку твојот сопруг
се заборави на работа.

*2000.*

***Какви натколеници човеку!***

Какви потколеници човеку!
Тукушто помина прошарана со текстил,
со трибојна хоризонтална проѕирност
што лебди на неа како знаме на развратот.

Лигаментите сè уште неистегнати.
Не знае што е дископатија,
парадентопатија, апатија...

Прати ја ——————— Господе!
Прати ја онаму каде што сака да стигне
(но потруди се и јас да бидам таму)!
Чистота прочистена со лесна порнографија,
наивност што ги збунува и најискусните
и невиност што ве силува и ве поттикнува
да сторите нешто што е казниво со закон.

Но внимавате!!!  таа пука!!!
А од што пука?
Пука од здравје, се разбира.

Целото Cafe Paszkowski станува на нозе и аплаудира.
Сите тие поети, глумци, сликари-микари.
Со ракии, коктели ликери-микери,
добија инспирација за рекреација.

Можеби подоцна маж пијаница,
четири деца и живот со свекрва.
Целулит брчки и завидливи кучки.
Можеби подоцна менингитис,
физометра, менопауза, рак на дојка...

Можеби подоцна, но сега!?
Улицата се зашемети а со неа и куќите,
а со нив и прозорците, а со нив и завесите,
зад кои луѓето стојат и гледаат што се случува на улицата.

„Ништо значајно“ – рече педерот келнер од Cafe Paszkowski.
Но кога гостите го погледнаа со дисторзирани очи,
сфати дека денеска не смее да смета на бакшиш.

*2000.*

***Сладолед во недоглед***

*На Зоран Тортевски-Тосе*

Ене ја улицата, свиочи и правули,
потскокнува и клекнува додека
сонцето ја водени и ја суши во очи!
Какво пладне со липи и цреши.
Додека потта ја влажни марамицата
ние сме како двајца ватарполисти
                    кои пливаат за топка.
Се среќаваме и јас те прегрнувам
со десната рака (во левата ми е топката).
Стигнавме до финалето и веќе нема
                                нерешен резултат.
Еден мора да излезе како победник
и високо да го подигне пехарот полн со...
Пројде една девојка и пропаднав во шахта,
пројде една сина, се пресеков на средина.
Едната половина остана прегрната,
а втората (онаа со топката)
појде малку да се освежи,
со уште еден поглед
          во сладолед,
пред да се стопи.

*17.06.2003.   10:15*

***Таа сака да лиже сладолед од ванила***
***додека вози ролерки околу фонтана***
***во квечерина пред да појде на работа***

Од каде ли доаѓаш?
Безимена и многуимена,
еластична и практична,
тесна и широка – прилагодлива.
И како се осмелуваш да говориш
ти совршена кукло која не вика *мамаааа,*
                    кога ќе ја свиткаат?

Ти, миксеру во кој се мешаат сокови
од медитерански овошја и од кромид.
Дупко под дупката, масовна гробницо,
студентска револуцијо и селска буно.
Златен венецу што мирисаш на мртва поетеса
кога се потиш околу вратот на наградениот.

Во тебе првиот и последниот куршум –
                небаре си подвижна мета.
Барска птица што ја гаѓаат воздушни пушки
и над која се лигават ловечки кучиња.

Непишана потврдо на неправдата –
да беше попаметна ќе беше погрда
а со тоа машкиот род би загубил многу.
Светилнику претворен во пристаниште.
    Атлантидо и Елдорадо.
Државо Невада во која се блудничи
но патем се вршат и нуклеарни проби.

Ти, со мирис на хармоника,
помешан со евтин дезодоранс
и со пот на стомачна танчерка
што се влева во голиот папок
над клекнатите ракоплескачи.

Убавице полуписмена,
тажна, добротворна дарувалко
наоружана со нападна пренагласеност,
нашминкана со пастелни бои како
Femme Fatale на Kees van Dongen,
а воедно стаклена, кревка и кич
небаре те направил Swarovsky.

Доволно си паметна да станеш телевизиска ѕвезда,
на ова небо на кое светкаат куртони,
со цена од 20 денари за еден.
*2000.*

***Бесмртна песна***

Таква песна се пишува во младоста и држи вода сè до староста –
слава, влијание, лагоден живот, рецитации на цели генерации.
Потоа можеш да пишуваш сè и сешто или да гледаш во ништо
но таа секогаш ќе преде крај тебе – под, над, до твоето име.
Ќе бегаш од неа како од чума а таа ќе те следи и во прашума.
Ќе се обидуваш да ја повториш но неповторливото не се повторува.
Ако се самоубиеш нема да згрешиш, ако се премислиш ќе се тешиш,
но песната ќе добие смисла кога ти ќе бидеш само мисла...

Мислам дека си веќе престар за твојата бесмртна песна.

*2003.*

***Сопствено е...***

Чекориме по улиците на новите сопственици,
крај дуќаните со нови сопственици,
крај возилата управувани од гордите сопственици,
крај куќите реновирани од новите сопственици,
во градот излепен со лицата на новите сопственици.
Чекориме во една посветла и подобра иднина,
во која опшествениот капитал е во рацете на
новите приватни сопственици,
и тоа што се зезаме на сопствена сметка,
не е ништо друго освен прикривање
на сопствените грешки,
во потрагата по сопсвените личности
и по нашите животи кои веќе одамна
не се наша сопственост.

*2000.*

***Веќе никој не се јавува***

Веќе никој не се јавува.
Бизнисмените немаат време,
женетите имаат обврски
(мали деца и големи проблеми,
лоши сопруги и магнет папучи).

Или пак водат инает – минатиот пат
јас ти се јавив (пред една година),
па можеш и ти еднаш да кренеш слушалка.

Беќарите имаат ново друштво
и најчесто нивните млади девојки
не кореспондираат баш најдобро со
критериумите на средовечните сопруги.

Пијаниците се без скршен денар
и се јавуваа сѐ додека не си ги
потрошија кредитите.

Сега речиси никој не се јавува,
и ноќната калакурницата во нашата гајба,
полека се претвори во пријатно катче
декорирано со непријатна брмчиуши тишина.

Во секој случај, нејмногу контактираме
со оние кои не живеат овде.
Премногу сме далеку едни од други,
за да очекуваме премногу,
едни од други.

*2002.*

***Тинејџерска***

Ме заболе за родното село на поетот,
за неговото сиромашно детство,
за седумте браќа и сестри,
за школото на десет км. од дома,
за првата писмена по литература,
за овците, полињата, шумата, горага,
за првата љубов во градот со гимназија,
за наградената песна набргу објавена,
за студентските денови во големиот град,
за Есенин, за опивањето, за истакнувањето,
за првите дваесет генијални стихозбирки,
за наградите, спомениците, венците,
за цветната палата во елитниот кварт,
за неговата отсутна сеприсутност
(дури и по неговата задоцнета, гласна смрт).
Ме заболе за улицата што го носи неговото име,
ме заболе за вечниот град на поетот,
ме заболе за...

Јас сум градско дете.
Сурфам на yahoo, играм на S.P.S.
слушам техно музика
и мислам дека поезијата е какање.

Понекогаш, кога ќе се запиеме со татко ми,
слушаме некоја стара рок група, мислам дека се вика Азра.
Не го разбирам баш најдобро јазикот
и не сум сигурен дали е тоа поезија,
но знам дека е многу добро.

*27.09.1998.*

***Два-три мига од Рига***

*На Богомил Ѓузел и Зоран Анчевски*

До таму три авиона (како три сомуна).
Па Кнутс како водич по гробиштата.

Мали, небаре детски гробови заградени
со жива ограда и со живи спомени.

Чисти, негувани, стокмени – човек да ја
заборави Венеција и да посака смрт во Рига.

Потоа писателската куќа во Јурмала
и недогледните балтички капалишта.

(Осамен пливач со телесна температура од 36°,
ја подгрева температурата на морето
која во потоплите денови се искачува до 16°.)

Потоа допир со архитектурата
(украс или лузна на лицето на градот).
Таа секогаш е preview на она зад ѕидовите,
таа е пет ката над опачината на суштината.

И веднаш знаеш кај си и со кого си,
и уште ако знаеш кој си, на коњ си.

Разговори за потеклото, религијата.
Тие бегаат од Руси како староверници од
Петар Велики.

Потоа читања (да не жалиш што си писмен).
Па пиење (да ти е мерак што си писмен)...

Ручекот кај Кнутс почна со риба на лепче, patè од
канабис на лепче,
супа од печурки, месо, компир, зелка...
(Сољанката дури утре ќе ја дополни дупката.)

Ќе заборавев да ја споменам вадиотров сауната
што јас ја ескивирав
а препородените ме искараа небаре одбив
да влезам во харем.

Отровот остана во мене.

*10.2003.*

***Остави ја светлоста надвор***

*На Нацевска-Ивановска*

Остави ја светлоста надвор.
Денот нека си оди од каде што дошол.
Ќе седиме сè до последното догорче
и до првите зраци темнина.
Вино имаме кадата да ја наполниме.
*Ce bella e luna* – ќе се надлајуваме
дури кога џиновскиот златник ќе му ја
зголеми цената на небото бисерно.
Сонцето знае да биде толку безобзирно,
*Сонцето не е ни толку важно*.
Потпри се на мене од која било страна.
Моето срце е закачалка полна со пропаднати личности
но е крајно несебично кога е крвта во прашање.
Остави ја таа упорна светлост надвор.
Ќе лежиме сè додека имаме грбови
(и еден ни е доволен),
сè додека тушот не нè одлепи.
А потоа ќе се облечеме и ќе стоиме
меѓу песот и волкот,
и ќе чекаме вечерта да ни тропне на врата
и ќе ѝ дозволиме да нè поведе со себе,
онаму каде што ни е местото,
во мигот веќе оджевеан,
во минатите животи,
овде и сега –
којзнае?

*2000.*

***Ергенска вечер***

Последната вечер на планетата Земја.
Последната вечер на идниот печалбар.
Последната вечер на осуденикот пред неговата егзекуција
(за неговата последна желба ќе се погрижат другарите).

Омилениот паб, сепарето во аголот пополнето
со 7-8 насмеани магариња.
Подбуцнувањата се очекувани но умерени.
Спомените дисторзирани од годините и од промилите –
можеби текила и пиво, можеби ракија и вино.

Тие знаат дека губат другар но затоа пак
добиваат непријателка.

Подоцна, стриптизета или кол-герла,
стара муштерика или нова мераклика.

Последната ноќ пред првата брачна ноќ,
последното патување пред првото
брачно патување.

Патување до крајот на ноќта,
што некогаш може да потрае
сè до погледот во силното светло
на излезот од тунелот.

*2002.*

***Свадбено патување***
*(Американско-галичка верзија)*

На излезот од матичарот
групна фотографија на два
пријателски фудбалски тима
и две-три надежни
баскетџики
кои скокаат за топка.
(Дведенарките во ориз се
ретки како школки во паеља.)
Циганите (тарабука,
кларинет и хармоника)
со натчовечки напори го
корнат коренот на церешната.
Потоа (како Мик и Бјанка)
низ шпалирот обожаватели
сѐ до прегратките на лимото.
Лименките влекачи имаат
симболично значење и
со време ќе тежат како олуци
низ кои истекува суштината
(но за тоа по тоа).
Сега, празен езерско-зимски хотел,
плажа, чувар, фоаје и рецепционер.
И сите те гледаат како да си
излегол од песната на Корсо.
Парното не работи но затоа
водата од тушот е студена.
Лошо ви започна но тоа не значи
дека ќе дочекате златна свадба.
Првпат сте со денови заедно и
толку многу неподносливо сами
(но тоа за среќа нема долго да потрае).
Секс, секс, секс и само секс.
Четвртиот ден од свадбеното патување
се раѓа од ништо идејата за развод
и те држи сѐ додека не почнеш
да го практикуваш, она што во
практиката на свадбеното патување
не е практично да се практикува.

*2002.*

***Брак 1***

Меден месец,
млечна година.

Сочна штрудла
и масна закуска.

Голи во кујна,
печени во спална.

Кожа и прсти –
полни усти.

Исти мисли на
неисти бисти.

Инакви погледи
од исти двогледи.

Како возач и
како стоперка

Како кол(ј)ач
и како колаче.

Толку е убаво
што не ти се верува

дека ќе потрае,
пред да се распадне,

како убав, голем
меур од сапуница.

*2002.*

***Брак 2***

Чинија од ѕид,
телефон од под.

Скинат именик,
скршен споменик.

Трескање врати,
гомна со лопати.

Нож против ножица,
сукало врз гибаница.

Истурање масло,
оган во огледало.

Сечење, влечење,
туркање и клечење.

Пердув за мачење,
или влакно за фаќање.

Средства за чистење
и алтернативно лечење,

со скапо вино
и со свинско печење.

*2002.*

***Откако ќе заспијат децата***

Откако ќе заспијат децата,
имаме време да се запознаеме подобро
но премудри сме за да запаѓаме во неволји.

Откако ќе заспијат децата,
би можеле цела ноќ да се бакнуваме
но ние немаме време за губење.

Откако ќе заспијат децата,
би можеле некаде и да излеземе,
но каде би оделе без децата.

Откако ќе заспијат децата,
набрзина се соблекуваме
и панцир-пижами облекуваме.

Откако ќе заспијат децата,
голтаме по неколку редови од книгата
*Подобро да заспиете отколку да се убиете.*

Откако ќе заспијат децата,
би можеле да го надоместиме пропуштеното
но нашите дечиња не се мечиња туку дечиња.

Откако ќе заспијат децата
можеме да ѝ се посветиме на уметноста,
но зар е таа вредна сонот за неа да се жртвува.

Откако ќе заспијат децата,
проверуваме дали имаме презервативи.
Сигурноста нѐ успокојува и веднаш заспиваме.

*2002.*

***Развод***

Крај на уште една војна.
Мировниот договор е потпишан
и без разлика дали е Дејтонски,
Охридски или Скопски, треба да се
почитува.
Едната страна не е баш најзадоволна
но вака барем нема да има нови жртви.
Загубите, штетите, последиците, се големи
и ќе треба месеци да се утврдат и години да
се санираат.
Територијата е поделена, трофеите разменети
а децата на војната (со време) ќе станат деца на цвеќето.
Времето е доктор и за некоја година, кога
ќе се смират страстите,
можеби повторно ќе се воспостават билатерални
односи и пријателство без граници.
Но дотогаш, во повоениот период (време на
изградба, просперитет, процут) треба
мирно и најнемирно да се слави мирот.

Од војна некој излегува како воен профитер,
некој како срушен облакодер,
а некој како дете на цвеќето.

## ***Ќе биде тешко да ме запаметиш***

*На мојата сопруга*

Ќе биде тешко да ме запаметиш,
во овој безличен ден, со датум пречкртан од катадневието.
Легнат или исправен, седнат и подгрбавен, овде-онде –
каде било, можеби некаде каде што не сме ни биле.
Ќе остане некој збор, тенка мисла,
книги (што треба да отстојат во визба).
Гласот снимен на некоја касета – изџвакана.
Можеби додека фотографите ловеле пеперутки,
успеале два-три пати да го сопрат времето.
Сето друго е обична поза, тотал ококорен во објектив,
нешто што може да послужи за потпала.

(Мојата облека нема да виси на некоја аукција во Сотби
туку на рамениците на ромите старокупувачи.)
Смеата и игрите замаглени ќе може да ти ги одмагли
единствено сонот –
во него повторно ќе се бакнуваме но ќе се будиш
секогаш кога ќе ти биде најубаво.

Јас ќе одам да го подобрам составот на земјата.
Ќе бидам можеби жедна ериконска роза,
можеби конопје во саксија на балкон,
можеби птица што кака над глава,
можеби овца, можеби крава.

Тешко да ме запаметиш во ова еднодение.
Можеби евентуално со шише во рака,
можеби со пиштол во уста,
можеби никако.

*04.08.1999.*

## ***Ведран веќе не носи пелени***

*На мојот син Ведран*

Ведран веќе не носи пелени,
и сега, мочајќи кај ќе стигне
бавно но сигурно го изодува патот до шолјата.

Ведран веќе не носи пелени.
Важен е, насетува дека во животот полн со
откажувања го направи првиот вистински чекор.

Ведран веќе не носи пелени,
и кога од молење помислевме: *ќе нè мрдне*,
покажа дека може да ги батали кога ќе му прдне.

Ведран веќе не носи пелени.
Треба уште да ги извади прстите од уста
но тогаш нема да има зошто да го караме.

Ведран веќе не носи пелени,
и парите заштедени од новиот начин на какање,
подоцна ќе ги инвестираме во неговото школување.

Ведран веќе не носи пелени,
и сега можеме да го носиме и на поетски читања
(но на читањата може нам да ни затребаат пелени).

Ведран веќе не носи пелени,
а фала богу не носи ни гаќи,
но тоа барем засега, никому не му пречи.

*06.04.2004.*

***Телефонски именик***

Уште еден анахронизам
складиран во визбата веднаш над
учебникот по марксизам.

Некогашната комуникациска библија,
подебела и од стариот завет,
заврши неславно, со крстот на чело.

Показалецот го лиже јазикот,
па ги врти страниците побрзо од Google,
па пребарува со остриот нокт како со
стрелата на глушецот.

Во времето кога 988 (поради капацитетот
на централата) беше невозможно да се добие,
само тој ги памтеше бројките на девојките.

Го уништи мобилната телефонија
исто како што парната локомотива
ја уништи поштенската кочија.

Го има само уште во телефонските говорници
во американските филмови,
каде што типчиња со слаба меморија, за еден
единствен број кинат страница од цела населба.

Веќе никој не го чита и затоа не се печати.
Всушност, тој веќе одамна ја има доживеано
судбината на мојата поезија.

***Алкохол***

Во пехарот на Александар –
пред големата битка, а и по неа.

Во бурињата во нашата визба
(некогаш, сега се точи само
лоша миризба)

Во крвта на рокерите –
пред да пробаат дрога
и пред да почнат да џогираат.

Огнена вода со која каубојците
ги замајувале индијанците
(за да си ги сочуваат скалповите).

Капка храброст за јуришање –
на непријателските ровови
и во моминските скутови.

Поттикнувач на потсвеста
и портпарол на душата.

Руситe го ексираат
кога бундите не вршат работа
и кога кусите ракави се топла облека.

Туристите го џапаат
за да заборават од каде доаѓаат
и дека за некој ден се враќаат.

Неодговорен одложувач
и привремен ублажувач на болката,
што никогаш не престанува.

***Бар***

Олтар и стаклен иконостас
од каде севишниот нè прска со света вода.

Социјален џубокс во кој мешањето
има епска улога и повеќекратно значење.

(Девојките до нас нагло се разубавуваат,
небаре се на козметичар а не во бар.)

Флерт-игралиште каде неретко љубовната
предигра е всушност и крај на играта.

(Супер за оние кои се палат на среќни почетоци.)

Лабораторија во која хемичарот-бармен го
проучува влијанието на алкохолот врз поединецот.

Богати, средни, сиромаси – сè на едно место.

(Транзицијата сè уште ја нема поделено публиката –
според статусот, според умот, според џебот.)

Келнерките се убави и испотени провинцијалки
но тоа може лесно да го среди една полна када.

Барменот е овде бог. Му принесовме жртва
за да нè поштеди (од одговорноста),
кога ќе дојде немилиот но неминовен
фајронт на умот.

***Пенис***

Се продолжува себеси
за да ја продолжи врстата.

Без'рбетен главотелец,
дебелокожец или тенкоминец.

Живее од гаќи во гаќи,
од шлиц во шлиц,
од рака во рака.

Најмногу го сакаат оние кои го немаат.

Бездомник кој мечтае по топол дом
или домаќин кој не мрда од дома.

Мултимедијалец и независен уметник
чија соработка со мозокот и со крвта
може да создаде вистински ремек-дела.

Полуостров во морето на љубовта.

Најмногу се плаши од сида,
                    кламидија
и од студена вода.

Понекогаш, под влијание на алкохол,
ако целта се загуби во магла,
не помага ни вијагра.

***Кревет***

Во него првиот плач и последната воздишка,
првото стенкање и последната ерекција.

Меѓу мајчината постелица и семејната гробница,
тој е наша главна меѓустаница.

Проверува дали сме ги измиле забите пред
да го гушнеме,
дали ни се чисти нозете или пак ќе го
задушиме.

(А ние во карирани униформи за сонување,
легнуваме, легнуваме, легнуваме.)

Знае на која страна спиеме, како дупиме,
кога р'чиме.

Ни ја знае тежината подобро од вага,
облините подобро од нашата драга.

Качени на него патуваме околу светот,
јавајќи го, на јавето му го ебеме векот.

Меѓу првата мочка и последната гуска,
меѓу првата лига и последната семка,

се простира господинот кревет,
долг цел еден живот.

***Маса***

Раце потпрени на лакти играат карти.
На средина овошје во златен овоштарник
купен во Дубровник.

Рамнина легната на четири статични нозе
(да беа тркала ќе можеше да се вози).

Четири скромни деца во нејзиниот скут,
усложно клечат под некој свински бут.

На неа разговори чија сериозност зависи и
од нејзината форма –
тркалезна, аголна, канцелариска, барска...

Облечена лесно,
во практична, врзглавна пелерина-пелена,

кога ќе се испогани со лиги, со флеки,
со дупчиња од жарчиња, треба да се смени.

Ја собира и во автомобил кога на празници
бараме прикладни места за земуници.

Скарата ја гуши но ѝ дава смисла. Месото
се шутка меѓу чинијата и отворената уста.

Ако е шведска, не мора да е од Икеа,
ако е македонска тогаш не е шведска.

Може да биде шаховска па дури и билијар маса.
Но сега е најобична зелена пинг-понг маса.

Јас од едната, ти од другата страна, играме за серва.
Некогаш го држиш рекетот кинески
а некогаш женски.

***Нога***

Се среќава со другата на едно срамно место
и од тогаш двете не ги држи место.

Кога едната е напред, другата е позади.
Кога едната е на прсти, другата е на пети.

Кога се една до друга, тапкаат во место.
Кога се раширени – е тогаш се во тесно.

Кога едната е зашестарена во балетанка,
другата совршен круг црта.
Кога едната е стабилно на земја,
другата може и да жонглира.

Убаво ѝ е кога од патика
ќе се препаркира во влечка
и кога од тежок чевел ќе посети жежок леген.

Кога нема попаметна работа се прекрстува
со другата (што неретко нуди прекрасна глетка).

Натколеница, колено, потколеница, стопало –
што би се рекло, нога.

И доколку ја згазнете едната,
од другата ќе добиете клоца,

онаму од кај што се моча.

***Седумдневие (Недела)***

Седум залчиња нанижани на ражен
и седум добри голти од нектарот лажен.

Седумте катани на седумте самураи
и исто толку џуџиња со чудни имиња.

Седум планини и седум морија.
Цел еден век и неполна минута.

Неправилен шестоаголник + шестар,
низ наша призма боите на сончевиот спектар.

Седумте слончиња што го следат малиот Буда
или пак не, тоа се седумте светски чуда.

Четвртина од месецот и две осмини со зелка,
сто шеесет и осум часови радост и болка.

Просечен дувачки септет, после кој очекуваш
да настапи прекрасен дувачки септет,

а не добиваш ама баш ништо.

***Правосмукалка***

Смотан влекач со глава на кобра
и со апетит на питон,

ги меле остатоците од нашето распаѓање
со желудник на морско куче.

Нејзиното брмчење му пречи на домаќинот
(но тој и така не е дома).

Електрична метла што вештерките
ја јаваат кога не смукаат нешто друго.

(Може да ги исчисти дури и валканиците
од вашата смрдлива душа.)

Како и да е, си ја знае работата.

Малку е кабеста но плакарот ја прибира,
малку е незгодна но ѓубрето го збира.

Многу сакам да ја гледам жена ми
кога ракува со неа,
особено ако е гола.

***Сеф***

Под под или на ѕид,
под килим или зад слика,
тој се плаши од светлина.

Дијамантите во него се повечни
отколку на некои вратови средовечни.

Крадците врз него си го пробуваат слухот –
со динамит, со стетоскоп, со чукан.

Паричник од челик и шпајз на тајни.
Фрижидер во кој златото се чува
(да не се стопи).

Опкружен со аларм, со кучиња и чувар,
крадецот попрво би се решил за Лувр.

Старите велат: „стравот лозјето го чува“,
а младите тоа само ги подбуцнува.

Но тие и така немаат некоја
светла перспектива.

*Пред да експлодираат кокичињата*

Се лизнав и паднав и станав
и со лопата го фрлав снегот преку рамото на улицата*
тркалото шлајфуваше* во машината за перење алишта
се цедеше потта од мишките на улицата и смрдеата од устата
на ѓубреџиската кола чие тркало шлајфуваше во длабокиот снег*
децата дојдоа со везени пиперки и со друг зарзават
и со тенџере и со метла небаре ќе прават вештерка а не***
Дедо Мраз со санка и шишенце КОКА*КОЛА
еквилибрираше по падините на покривот и се цедеше
во длабочините на олуците и по рабовите на оџаците
плашејќи се да не се стопи како дебела илузија
додека во подножјето на елката од пластика и трепкалки
ги паркираше шарените пакетчиња од фабриката за евтини чоколада
вафли и бомбони
небаре е нејзин трговски патник а не црвен исполнувач на желби
***
Ни автобус ни тролејбус ни такси ни кола ни мува***
ништо* само снегулки како инсекти околу уличните сијалици
кои некогаш светат а некогаш не***
но сеедно* снегот заземјен сјае на дното на небото како фенер на
импресионистичка слика***
тишина* и траги од волци на планината
* а овде и сега само очи зад прозорските монитори**
'140 помножено со 140 * термопан* рамен екран *
1024 by 768 pixels * 20-20 vision * Филипи * соседи итн. итн.
некој родител впрегнат во санка со која управува дебело дете
снегот длабок и бел* влажноста идеална за грутки со кои децата
се груткаат сѐ додека влажноста на алиштата не стане идеална за стап***
а потоа молк* вонземен и вонградски* лебдење како снегулка
и паѓање и топење на дланката на перницата во апауринскиот сон
од 5 милиграми
***
Ни чувство за време ни интерес
како на планина во дрвена куќичка
со дрва за огрев во визбата
и со пес чувар кој не лае без причина
***
сѐ е замрзнато но така мора да биде
сѐ е бело но како поинаку да биде
тополите се високи и се први на удар
баричките се смрзнати и велат: судар
*
„Вечната пролет е само комунистичка илузија на Ф. Кастро“ *
рече Дедо Мраз кого пак го облекла маркетинг*службата
на КОКА*КОЛА некаде во почетокот на дваесеттиот век
а и двајцата ги заболе тоа што С. Ајкула Деголка (која патем
не се произведува од 1974 год.) може да се вози на три тркала***

Промени* квартални циклусни целосни или нецелосни
очекувани и неочекувани * одење во крајности * бескрајно
тоа е сѐ што очекуваме од животот
од професијата од климата***
а чудата
„чудата понекогаш се случуваат катадневно и престануваат
да те чудат
а потоа пак ништо не се случува и тоа си е најнормално“
рече Снешко Белчо* најубавото зимско дворно страшило
од кое не се плаши ни министерот за внатрешни работи* лично
чудно зарем не

*25.12.2001.*

***Sproti Alikes na A...***

Разумот е во сенка
а стварноста е морска.
Па зошто тогаш да се бега од неа
или да ѝ се препушти на временската дистанца
да ја исфилтрира во песна.

Овде е сè толку подносливо
и без размислување му се препушташ на кичот,
додека пак вистинските вредности нормално сè уште
пливаат на отворено море.
Да, тие се секогаш таму, да тие се толку далеку...
А нам ни е супер и во плитко:

Каде децата мочаат а старците учат да пливаат.
Каде Германците ловат сабјарки со дебело бело месо
а топлес лезбејките играат одбојка со цицки.
Каде руските инвалиди прават замок во песок
а рибарите земаат залет.
Каде чамците ги третираат како кучиња.
Каде чадорите наутро се храбри копја вперени
во кроткото сонце
а на пладне се претвораат во кукавни одбранбени штитови.
Каде тангите им влегуваат во газовите (на набљудувачите).
Каде пивото се влева во Медитеранот заедно со првите капачи.
Каде морето е црно кога германските туристи играат бинго –
dreiundzwanzig, zweiunddreizig...

Преку глава ни е од Германци
и од небесниот град што се дави под облаци
и од келнерите без кои шведската маса е бесмислена...

Отспротива, на островот, една плажа чека на нас
но ние (како и сè друго) ја откриваме предоцна –
ден пред да си одаме.

Но ќе ти се вратаме плажо над плажите уште следниот мај.
Само да ја отспиеме зимава предвидлива –
ние капетанот и ти,
и уште едно ти.

*09.2000.*
*Уранополис*

***Момчето киваше и се секнеше и си размислуваше...***

Момчето киваше и се секнеше и си размислуваше:
болничкиот коридор беше измислен за осмичарење со ролерки
помеѓу листовите на сестрите и стеблата на докторите.
Столовите беа неудобни како во ресторан за брза исхрана –
со таа разлика што овде услугата беше очајна.
Девојката до мене повраќаше во тесната плукална
и содржината се прелеваше како манџа од преполнета чинија.
Пензионерите раскажуваа како одвај ја преживеале
битката на Марица и сега имаат проблеми со простатата.
Итните случаи ги носеа на носилки како повредени фудбалери.
Читачите си ги читаа книшките со сериозност на парламентарци.
Симиулаторите (дојдени по боледување) беа најнестрпливи
и некогаш доседуваа а некогаш не.
Докторите во нас го гледаа она што ветеринарите во нас
не го гледаат.
Ревносни беа кога одеа на појадок или кога им стигаше смената.
Понекогаш беа пристојни и тогаш безглаво бегавме од нив.
Курвата (ѝ се гледаа гаќите) беше љубезна со сите
и кога зеваше (зеваше без заштита) си го рекламираше грлото.
Сестрите пукаа од здравје и немаа ништо под мантилите.
Некои чекаа завој и чист алкохол, некои сируп и инјекција,
некои нож или скалпел, некои загипсирана шипка...
А некои само се врткаа наоколу и изгледаше дека
ништо не им фали.
Но кога убаво ќе им се загледавме во очите,
знаевме дека тие само ја утнале
ординацијата.

***Слеп гитарист премин на тапани и фонија...***

Слеп гитарист, премин на тапани и фонија.
Тутканица. Цицка од лакт, колк од колк – да шлицнеш.
Курвите на шанкот се академски граѓанки со диплома меѓу нозете.

Можеш добро да поминеш и со пееска (со стотките снифаат
во барот отспротива).
Џез коктели, вечер на сангрија – песни ќе се читаат кога клубот ќе затвори.

(Во четири по полноќ овде има работа само за палеонтолози.)

Џандарите пијат бесплатно или земаат процент од дилерот.
Тревата не е легализирана но не се легализирани ни убиствата.
Парот во аголот експериментира со флогистичката теорија.

Девојката со плетенки се смее но јас и капетан Scott стигаме предоцна.
Страшна атмосфера, Frank Zappa би го собрал гитаристот
и тој би прогледал.

Еден загубен травер (програмата за заштита на сведоци
му го променила полот)
пивопиите го задеваат со својата лажна мачо-поза.

Лојери, акционери, пропаднати музичари, несфатени сликари...

И еден обичен поет кој
веќе дваесет години пие вотка,
без мраз и без лимон.

***Несоницата е...***

Несоницата е исплукан нокт, мрсул под маса,
првут од триење, чешање до болка – болка од мислење.
Несоницата е гимнаситика на јоги, јога на нога,
папуча под столче, скок во кратерот – до дното на шишето.

Бламажа, стара грешка, пропуштена прилика, гаф на деценијата.
„Можев а морав, сакав а не бев сигурен, сигурен бев ама не знаев –
знаев дека нема да заспијам затоа и не легнав...“
Шетање крај елка, трепери душата. Прозорецот црн, мртва е улицата.
Часовникот е тајмер, тајмерот на време –бомба– три, два, еден...

Потоа тие филмски капки во мијалникот, зумирани и озвучени.
И нормално – моторцангла, француски клуч и... Црна е гумичката.
А ги има и други бои.. Некои се потенки и подолги а некои имаат
и рок на употреба –
исто како што и батеријата има рок на употреба,

како што несоницата има рок на употреба.
Да, да, и несоницата има рок на употреба.
И еден ден кога сè ќе си дојде на свое место
таа ќе стане неупотреблива како употребена гумичка.

Драги мои,
вечниот сон знае да биде немилосен кон несоницата.

***Секогаш подалеку од...***

Секогаш далеку
од бездушните кафеани
и од малодушните девојки.
Од одговорноста и работливоста.
Од сезнајните и од нивните следбеници,
од пократкиот пат и од вистинското решение.

Секогаш далеку
од она што најмногу се продава.
Од совршеноста и од површноста,
од споменицитe и од нивните сенки,
од успешните и од веќе видените,
од нормите за добро однесување.

Секогаш далеку
од друштвата на писателите,
од критичарите и од наградите.
Од идолите – предалеку.
Од сите културни збиднувања.
Од компромисџиите и од нивниот
критериум.

Секогаш далеку
од лудницата и на чекор од неа.
Од непорочните и од нормалните,
од роднините и од соседите.
Од сè што е наметнато –
од туѓиот избор.

Секогаш далеку
од ситните караници и од големите потфати.
Од мелодрамите на кризните години.
Од ветената земја и од семејната гробница,
од вистинскиот живот
исто колку и од смртта.

Секогаш далеку
од ѕвездите а сепак на небото,
од птиците, иако на дрво.
Од улиците на Буенос Аирес.
Секогаш далеку од тебе –
најблиску што ми дозволуваш.

***На крајот на векот***

Тие и тогаш ќе го прават она што
го прават на крајот на секоја година.
Анализи, анкети, личности на ова и она,
политички, спортски и културни заклучоци.
Ќе прашуваат: каде ќе го чекате новиот век,
        што мислите за векот што изминува?
Ќе организираат дочеци, патувања, избори.
Ќе ги украсат градовите за сите сто години
и ќе се дотераат за сите пари на светот.
Потоа ќе ги пополнат хотелите на целата планета.
Ќе играат, ќе пијат, ќе се веселат.
Ќе се сакаат и сите ќе ги сакаат.
А потоа ќе се вратат дома –
несреќни што се враќаат
и пресреќни што се враќаат.
Среќни што го дочекле нивниот драг гостин
кој доаѓа еднаш во сто години
и не му текнува да си оди,
сè додека не си отидат
сите.

*1999.*

***Како ги бираш пријателите?***

Според облеката која не зборува
или по изгледот кој престорува?

По манирите или по џебот,
според тоа како го вадат лебот?

Според педигрето и потеклото,
според сличното или различното?

По карактерот или по умот,
по удот или по судот?

Според угледот кај премиерот
или според рејтингот кај барменот?

По истомисленоста – лудоста,
по неприлагоденоста и залудноста?

Според влијанието врз женскиот род
или според алкохолниот код?

Како и да е,

секогаш прво ги споредуваш со себе
и на крајот викаш: *кој ги ебе*!

***Во меѓувреме да се статира...***

Да не се брза (полека пријателу мој).
Да се излезе од границите на креветот
само во случај на елементарна непогода
(а ако е веќе излегување, нека заврши со невраќање).

Да се патува ненадејно.
Со цел плакар или со четкица за заби,
во Хилтон или на железничка, со лимо или пеш...

Да не му се прилагодуваш на времето
                    доколку не одиш пред него,
да не ги ебаваш многу новитетите
             па дури и ако си стар.

Во меѓувреме да се статира.
Да се оди по надвор – внатре-надвор.
Да се лежи насекаде.
Рацете нека се задоволот со палење цигари,
со вртење страници, со кршење батаци.

Да не се води сметка за ставата
ако поради тоа треба да пати храната.
Да се пие машки или да не се допрат чашки.
Да се умре машки или да не се умира.

Во секој случај,
да не се очекуваповеќе од дремка во сенка,
додека сите трчаат да остават зад себе траги –

врз хартија со замастилени табани, на систематски.

***Погреб***

Капелата е тесна и задушлива,
дури и мртовецот пребледел.
Попот пее веќе половина час,
пее, чита и рецитира
и ако продолжи уште малку
ќе мора да се ископа уште некоја дупка.
Убаво пееше попчето – вели една бабичка.
Убаво, убаво – одговара другата бабичка.
Секој од блиските држи по една запалена свеќа,
искрена молитва што на мртовецот
                ќе му го осветли патот до бога.
Прегрешенијата се повеќекратно простени.
Телото наскоро ќе се протне низ вратата на вечноста
но душата е можеби жива и можеби е меѓу нас
и можеби нечујно кива во облаците од темјан.
Потоа, две леви и две десни раце.
Кола, капак, крст, цвеќиња и венци;
и повторно попот
(млад селски мангуп со брадичка)
кој го кажува последниот збор, додека
гробарите импровизираат примитивен лифт.
Потоа живите фрлаат по една грутка земја –
            за да му биде лесна земјата.
Па, попот истура малку црвено вино –
            за да му биде...
Па, повторно се на ред гробарите
но овојпат креваат толку многу прашина,
што сите безглаво се разбегуваат од гробот –
                        небере преплашени,
небаре виделе мртовец.

***На гроб***

Овде речиси и не грее сонце
и дува некој тажен ветер
(и снегот многу побавно се топи
отколку да речеме во луна-парк)
и доколку го следиме пламенот на свеќите
ќе заклучиме дека ветерот дува од повеќе
страни истовремено.
„Животот е сенка и сон“ – рече попчето тезгарче,
и патем се обиде да ни објасни што е молитва
но не и како да се молиме (тоа ќе мора
сами да си го научиме).
Седум тажни денови кои јас можев и морав
да ги одработам само со иронија.
Букетите цвеќе и икебаните
украдени од циганчињата,
лисјата оттргнати од дрвјата
за да го згреат мермерот студен.
Кал и жал.
Стрина ми Добрила, некогашна аматерска актерка,
ни раскажуваше зготи од неговата младост
подобро и од најдобрата професионална актерка,
и ние западнавме во неконтролирано масовно
смеење до плачење.
И неговиот гроб веројатно беше
најнасмеаниот гроб на целите гробишта.
И сонцето се проби меѓу крстовите
и снегот почна да се топи поопуштено.

Можеби не го погребавме со музика,
но го оплакувавме со смеење.

*2001.*